УДК 332.1(497.17);949.717.05/06

Димитар ДИМЕСКИ

# МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ (1893 – 1903 г.)*

1. Кризата на османскиот општествено-економски и државно-правен систем, проследена со политичкото, националното, економското и духовното угнетување на широките слоеви на македонскиот народ, – ја овозможиле појавата, развојот и растежот на организираното македонско националноослободително движење во последната деценија од XIX и почетокот на XX век.

Од друга страна, појавата на организираното македонско националноослободително движење била сврзана со постигнатиот степен на општествено-економскиот развиток на македонскиот народ, а во тој ред и со напреднатиот национално-конститутивен процес.

Крајно влошената општествено-економска положба на македонскиот народ по Берлинскиот конгрес, како и зголемената денационализаторска дејност на соседните балкански црквенопросветни пропаганди – ја ажурирале неговата појава. Во него биле вткаени искуствата од вековниот отпор и непокор на македонскиот народ, а посебно искуствата од претходните ослободителни борби во XIX век (антиосмански, антифанариотски, антиегзархиски), поточно – придобивките од првиот ослободителен циклус на комплексното македонско националноослободително движење, чии корени понираат длабоко во XIX век.

Кризата на османскиот државно-правен, политички и економски систем влегла, по Берлинскиот конгрес, во нова, драматична фаза. Во овој период на крајно влошена политичка, општествено-економска и културно-просветна положба на македонскиот народ што произлегувала од османскиот гнет, експлоататорската улога на странскиот капитал, како и од растечката денационализаторска дејност на странските црквено-просветни пропаганди – дошло до силно револуционизирање на македонските народни маси, кое кулминирало во Македонското (Кресненско) востание.

---

* По повод: *100 години ВМРО* (Преземено од: Зборник на трудови на ДНУ, 9, Прилеп, 1991, 31-44)

Ослободителниот оган што го опфатил македонскиот народ во времето на Источната криза и непосредно по неа, дефинитивно не згаснал, но се претворил во латентен ослободителен жар, придонесувајќи за натамошно револуционизирање на масите и трасирајќи го патот на идните револуционерни борби. Од друга страна, фактот што по Берлинскиот конгрес македонскиот народ се нашол меѓу последните поробени балкански народи во Османската империја – го импулсирал растот на македонските ослободителни копнежи. Покрај тоа, периодичното навраќање на гурбетчиите претставувало сеење на слободољубиви идеи и придонесувало за јакнење на револуционерниот дух на подјармените македонски народни маси.

Релативното затишје во периодот 1881-1893 година претставувало затишје пред бура. Целиот тој период бил исполнет со активности за изнаоѓање нови начини и патишта за револуционерно организирање на македонскиот народ. Во таква клима растела, се градела и калела новата генерација македонска интелигенција која, во последната деценија на XIX век, го подигнала македонското националноослободително движење на повисок степен, давајќи му квалитетно нов, организиран вид. Поинаку речено, младата македонска просветна интелигенција била spiritus agens за формирање на Македонската революционерна организација (МРО), која всушност претставувала авангардна моторна сила и персонификација на македонското револуционерно националноослободително движење.

2. Создавањето на МРО отвора ново поглавје во поновата историја на македонскиот народ.

Во последната деценија од минатиот век, во констелација на блоковска поделеност на европските империјалистички сили, полуколонијален статус на Османската империја и разгранета црквено-просветна дејност во Македонија од соседните балкански големодржавни аспиранти на македонската земја – датира појавата на МРО. Притоа, МРО се експонирала во улога на авангардна сила и факелоносец на македонското националноослободително движење, кое со неа зачекорува во нов, повисок развоен циклус. Нејзината појава дошла токму навреме за да го спречи распарчувањето на живото тело на македонскиот народ од страна на балканските големодржавни елементи. Едновремено, оваа појава „го означува почетокот на новата, поразвиена фаза во процесот на национално конституирање на македонскиот народ" (М. Пандевски). Воедно, организираното македонско националноослободително движење широко го раскрилило процесот на создавање македонска држава. Покрај тоа, македонското националноослободително движење, со својот буржоаско-демократски карактер, носело белези и на општествено-економска револуција, како рушител на феудалните продукциони стеги на назадната османска држава.

3. МРО била втемелена на 23.X/4 ноември н. стил 1893 година во Солун на средбата на шестмината нејзини корифеи: Хр. Татарчев, П. Поп Арсов, Ив. Хаџи Николов, Хр. Батанџиев, Ан. Димитров и Д. Груев. Главен иницијатор за формирање на Организацијата бил Даме Груев.

МРО изникнала и првите чекори ги правела првенствено како антипод на Егзархијата и нејзината груба централистичка и денационализаторска политика во Македонија.

Изгледа дека на првите две средби Одринско не влегувало во плановите на главните актери на МРО.

Со донесувањето на првиот Устав (статут) се профилирала физиономијата на младата конспиративна Организација.

Првиот Устав на Организацијата има тесен, националистички карактер, што секако се должи на тогашната идејна тесноградост, туѓо влијание и неискуството на неговите автори. Содржи 14 члена, распоредени во четири глави. Според чл. 1 целта на Организацијата била стекнување „полна политичка автономија на Македонија и Одринско", со што квалитетно бил надраснат чл. 23 од Берлинскиот договор. За постигнување на таа цел, според чл. 2, Организацијата била должна да го разбуди „сознанието за самозаштита" кај населението, да шири меѓу него, низ печатот или усно, револуционерни идеи и да подготвува општо востание. Организацијата била поставена врз централистички принцип. Според Уставот (статутот), неа ја сочинувале: Централен комитет, окружни, околиски и селски комитети (чл. 5). Согласно Уставот, најпрво се конституирал првиот ЦК со Христо Татарчев, како претседател и Даме Груев, како секретар и благајник. Притоа, Солун бил определен за седиште на ЦК на младата Организација.

Нешто подоцна, се појавил и првиот Правилник на Организацијата кој содржи 50 члена, групирани во 11 глави, во кои подетално се разработени статутарните норми. Со тоа се отворила добра перспектива за солидна градба на идната организациона мрежа.

Несомнено, појавата на Македонската револуционерна организација (МРО) претставувала своевидна историска пресвртница во поновата македонска историја.

4. МРО во предилинденскиот период (1893–1903) г.) минала низ три фази од својот развиток.

Првата фаза го опфаќа временскиот интервал меѓу 1893-96 г., втората (1896-1902 г.), а третата фаза (1902-3 г.) претставува граничник со илинденскиот период. Поделбата на споменативе фази е поврзана со донесените правни акти и општиот курс на МРО.

а). Во првата фаза од развојот на МРО била воспоставена нејзината базична мрежа во Македонија.

Првата фаза содржи две етапи, чиј меѓник било Ресенското советување. Самото Ресенско советување (1894 г.), како прво советување на МРО, дало силен импулс за натамошна дејност, во правец на разгранување и организационо зацврстување на револуционерното движење.

Во втората етапа (1894-96 г.) новите, свежи сили што влегле во редовите на МРО како Пере Тошев, Ѓорче Петров и Гоце Делчев внесле нова содржина и полет во ширењето и развојот на Организацијата. Притоа, посебно дошле до израз личноста и делото на Гоце Делчев, што ги персонифицираат високите дострели на македонската илинденска генерација.

Појавата на организираното македонско националноослободително движење на историската сцена предизвикала силен ефект во круговите на бугарската буржоазија. Одеднаш таа се нашла пред силен самостоен, самобитен македонски фактор, којшто смртно ги загрозувал нејзиниот престиж и нејзините „историски" интереси во Македонија. Затоа, таа и овојпат се послужила со македонската емиграција во Бугарија за да ѝ парира, неутрализира и заузда, а во крајна линија и да ја симне МРО од историскиот подиум. Притоа, таа се надевала дека така најлесно ќе успее да го сврти текот на настаните во своја корист. Оттаму, формирањето на македонскиот комитет во Софија, во пролетта 1895 година, всушност, било поттикнато од самата бугарска буржоазија. Македонскиот комитет (од декември 1895 година Врховен македонски комитет, ВМК) веднаш станал инструмент во рацете на бугарската буржоазија, што станало сосем евидентно по инсценирањето на т.н.Мелничко востание во летото 1895 година. Оттаму, здравите сили на МРО, уште на Солунското советување (лето 1895 г.), ја прозреле актуелната големобугарска перфидна игра со македонското ослободително дело, при што веднаш застанале на браникот на самостојниот карактер на македонското револуционерно националноослободително движење, на автохтониот пат на македонскиот историски развиток. Оттогаш датира нивната беспоштедна борба со врховизмот за чистотата на македонското националноослободително дело. Бескомпромисноста кон раскрилените надворешни посегања во внатрешните работи на МРО ја потенцирала правилната насока на македонската националноослободителна борба.

Мошне е значајно што по првиот посериозен, мелнички удар на врховизмот, во Македонија функционирал (учебна 1895/6 г.) силен револуционерен триаголник: Даме Груев во Солун, Гоце Делчев во Штип и Пере Тошев во Битола. Се создала цврста брана на врховистичките посегања. Воедно, споменативе личности имале примарни заслуги за развојот и растежот на МРО, а посебно за изградувањето и зацврстувањето на трите главни бастиони на македонското револуционерно националноослободително движење во предилинденскиот период (1893-1903 г.): Солун, Штип и Битола.

Во почетокот движењето го засегнале две афери: Дреновската (1895 г.) и Доневата (1896 г.).

Во првата фаза МРО се соочила со низа проблеми, кои го кочеле нејзиниот побрз развој. Навистина двете советувања, Ресенското (1894 г.) и Солунското (1895 г.), овозможиле извесен полет, но не ја отстраниле главната пречка за пошироко масовизирање на македонското ослободително движење. Од друга страна, МРО се нашла пред бројни непријатели. Прогресивните елементи што се нашле во редовите на МРО јасно ја прозреле перспективата на македонското ослободително движење преку надминување на тесните рамки на првите правни акти на МРО и создавање широка идеолошка платформа, со што би се обезбедиле внатрешни сојузници на македонското ослободително дело, би се елиминирале шпекулациите на странските пропаганди со македонското револуционерно движење и би се пресекле, односно ослабнале нивните вештачки корени во Македонија.

Тоа довело до одржувањето на Солунскиот конгрес на МРО во април 1896 година.

б). Солунскиот конгрес од 1896 година претставува прв конгрес на МРО. Конгресот санкционирал крупни, суштествени промени на идеолошко-политичката платформа на МРО, која овојпат добила интернационален белег. Тоа претставувало, не само своевиден пресвртен чин за натамошниот развој на македонското револуционерно националноослободително движење, туку, едновремено, ја вброило МРО во редот на прогресивните предводници на тогашните ослободителни движења во светот.

Во духот на извршените промени, МРО добила ново официјално име: Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). Покрај тоа, била извршена нова организациона поделба. Наместо дотогашната поделба на организационата територија на три окрузи, територијата на ТМОРО ја сочинувале 7 револуционерни окрузи и тоа: I. Солунски; II. Битолски; III. Скопски; IV. Штипски; V. Струмички; VI. Серски и VII. Одрински. Притоа, организационите комитети во Цариград и Прилеп стекнале право директно да комуницираат со ЦК на ТМОРО во Солун.

Солунскиот конгрес од 1896 г., силно акцентирајќи ги принципите на автономијата и револуцијата, цврсто застанал на браникот на револуционерната борба и одбрана на самостојноста на македонското ослободително дело.

Бугарската отворена експанзионистичка политика ја наложила потребата од создавање посебна институција – Задгранично претставништво со седиште во Софија, каде, главно, се креирале подземните планови за ликвидирање на самостојноста на македонското националноослободително дело.

Конгресот ги задолжил Ѓорче Петров и Гоце Делчев, кои всушност биле главните носители на новата прогресивна линија во македонското револуционерно националноослободително движење и први иницијатори на споменатите промени, да изработат нацрт на нов устав и правилник, согласно промените на организациониот курс, извршени на Солунскиот конгрес од 1896 година.

Уставот (статутот) на ТМОРО низ кој провејува духот на Солунскиот конгрес од 1896 година, содржи 19 члена распоредени во четири глави.

Првиот член на Уставот ја потенцира новата идеолошко-политичка ориентација на МРО: „ТМОРО има за цел да ги сплоти во едно цело сите недоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување, преку револуција, полна политичка автономија на тие две области". Во врска со зачленувањето, „член на ТМОРО може да биде секој Македонец и Одринец, кој не е компромитиран со ништо нечесно и бескарактерно пред општеството и кој ветува и се задолжува да биде корисен на револуционерното ослободително дело" (чл. 4).

Правилникот на ТМОРО содржи 48 члена, кои се распределени во 10 глави.

Солунскиот конгрес од април 1896 година, заедно со новодонесените правни акти на ТМОРО – придонесол за елиминирање на основните бариери што стоеле на патот на масовизирањето на македонското револуционер-

но националноослободително движење. Со него, всушност, почнала втората фаза од развојот на Организацијата (1896-1902 г.). Самиот конгрес претставувал прогресивна пресвртница во развојот на движењето. Неговите главни постаменти биле збогатени, односно квалитетно надраснати на Рилскиот конгрес на МРО во октомври 1905 год.

МРО, во оваа втора фаза од својот развиток, минала низ три етапи. Првата етапа го опфаќа временскиот период меѓу 1896-98 г., втората 1898-1901 г., а третата интервалот меѓу 1901-1902 година.

Во I етапа (1896-1901 г.), не само што биле зацврстени стекнатите придобивки од првата фаза, туку била разгранета дејноста и мрежата на МРО. Во оваа етапа биле направени посериозни чекори за вклучување на селото во македонското револуционерно националноослободително движење. Тоа го забрзало процесот на масовизирањето на движењето, а со тоа и метаморфозирањето на МРО од предимно градска во селска организација.

Во I етапа дошло до формирање на првата чета на МРО. Тоа била четата на Дуко Тасев Јудовчанецот со чие формирање во 1897 година, бил направен првиот чекор кон реализација на чл. 11 од Уставот на ТМОРО што фактички значело прејудицирање на познатата инструкција на ЦК на ТМОРО од есента 1898 година за формирање околиски чети на ТМОРО.

Во оваа етапа уште повеќе се заострил перманентниот конфликт на МРО со главните протагонисти на егзархиската политика. Особено бил остар судирот со новоформираното Бугарско тајно револуционерно братство (1897) предводено од Иван Гарванов. МРО во летото 1898 година успеала, преку Ѓорче Петров, да му ја наметне својата волја на егзархот Јосиф I, по пат на доставка за реализација на познатите списоци на МРО за назначување просветен организационен кадар во Македонија.

Во I етапа Виничката афера (1897 г.) конечно го симнала конспиративниот превез на МРО. Светската јавност била соочена со фактот за постоењето и разгранетоста на автохтоното македонско револуционерно националноослободително движење. Самата МРО се нашла директно соочена со вековниот поробувач. Тоа означувало крај на дотогашниот тукуречи идиличен период, кога МРО, релативно мирно, во речиси легални услови, ја спроведувала својата агитаторско-организаторска дејност.

Во оваа етапа дошло и до познатата андартска инфилтрација во Југозападна Македонија во 1896 година, како и до првите вооружени пресметки на МРО со протагонистите на српската пропаганда во 1897 година.

Во II етапа, МРО бргу се созела по виничкиот шок, менувајќи ја својата дотогашна тактика. Дошло до создавањето на т.н. Четнички институт, кој претставувал нејзин интегрален агитаторско-организаторски и борбен дел. Со директивата на ЦК на МРО од 14 точки, во есента 1898 година, бил даден знак за формирање околиски револуционерни чети. Главната грижа околу оформувањето и разгранувањето на Четничкиот институт ја презел Гоце Делчев.

Во 1900 година бил донесен нов правен акт на МРО: Правилник за четите на ТМОРО, што го изработиле Ѓорче Петров и Гоце Делчев, согласно чл. 11 од Уставот на ТМОРО, како и инструкцијата на ЦК на ТМОРО од есента 1898 година. Правилникот за четите на ТМОРО содржи 47 члена и

пет глави. Всушност, исклучок прави првата глава, која не е вкалапена во член, па претставува преамбула. Во неа се истакнува: „Во секој револуционерен околиски реон се формира една чета како неразделен дел на Организацијата. Таа се движи тајно по потреба на делото и под наредба на Месниот комитет". Споменатиов Правилник за четите на ТМОРО ги санкционирал местото и улогата на околиските чети во ослободителното движење при тогашниот степен од неговиот развиток. Со време, четите ги надраснале одредбите на споменатиов Правилник, претворувајќи се во „стожер на револуционерното движење". Покрај тоа, „со нивната појава доаѓа до масовно навлегување на селското население во Организацијата. На тој начин, од пропагандна и градска, таа се претворила во масовна селска и борбена" (Ив. Катарџиев).

Во II етапа дошло до саморастурање на т.н. Револуционерно братство и инкорпорирање на неговите членови во МРО, согласно познатата солунска спогодба од септември 1899 година, постигната со посредство на врховистичкиот емисар Камбуров, којашто наскоро се покажала како мошне штетна за монолитноста на МРО. Настаните по Солунската провала, сврзани со застанувањето на Ив. Гарванов на кормилото на МРО, најпластично го покажале тоа.

Во оваа етапа дошло до познатата Поп-Ставрева афера (1900 г.), чии реперкусии тешко ја погодиле МРО во целина.

Во 1900 година била одржана Првата социјалистичка конференција во Македонија. Оваа конференција, одржана во Житошкиот синор, го покажала реалистичното чувство на нејзините протагонисти за разлика од многу други социјалисти во тоа време, кои најчесто се апстрахирале од реалноста. Поаѓајќи од ослободителната платформа на МРО, која претставувала основна заедничка нишка што ги сврзувала македонските социјалисти со неа, социјалистите на Крушевската конференција први го покренале прашањето за сливањето на македонската социјалистичка група на В. Марков и Н. Петров – Русински во револуционерното движење и тоа како група, при што ги поставиле своите познати услови.

Во II етапа дошло до нови оружени пресметки на МРО со припадниците на српската пропаганда, како и со претставници на грчката пропаганда.

Во првите две етапи (1896-1901 г.) од втората фаза во развојот на МРО посебно дошла до израз улогата на Задграничното претставништво на МРО во Софија во состав: Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Задграничното претставништво, во споменатиов состав, претставувало силна брана која опстојала на силниот великобугарски налет, чувајќи ги на најдобар можен начин самостојноста и интегритетот на организираното македонско националноослободително движење. Притоа, излегле на видело Ѓ. Петровите несомнени дипломатски квалитети.

Во последната, III етапа (1901-2 г.) од втората фаза дошло до познатата Солунска афера (1901 г.). Во оваа етапа дошло и до судските процеси во Солун, Скопје и Битола. Самата Солунска афера го исфрлила на површина Ив. Гарванов, кој „не бил само агент на бугарските пропагандни и државни органи... туку и експонент на македонската реакционерна буржоазија" (М.

Пандевски). Узурпирајќи го кормилото на ЦК на ТМОРО, Гарванов камуфлирано го свртел курсот на Организацијата в десно. Неговата дејност, вперена во правец на исфорсирање востание во Македонија, тешко го погодила безбедниот ȏд на македонското ослободително дело.

Во III етапа дошло до инкорпорирање на социјалистите, предводени од В. Марков и Н. П. Русински во редовите на МРО (1901 г.), што имало крупно значење за натамошната демократизација на организираното македонско националноослободително движење.

Во оваа етапа посебно се издвојуваат аферата Мис Стон и Иванчовата провала (1901 г.).

Овде спаѓа и Делчевата мисија во Југозападна Македонија, која била најзначајна етапа во познатиот Г. Делчев „голем поход” (крај на август 1901 – март 1902 г.). Произлегла првенствено од промените што настанале во ЦК на МРО по Солунската провала од 1901 година. Делчевата мисија била крунисана со Советувањето во Загоричани, Костурско (јануари 1902 г.) на кое најдобро дошле до израз Г. Делчевите погледи за иднината на ослободителната борба.

в). Последната, трета фаза од развојот на организираното македонско националноослободително движење во предилинденскиот период ја опфаќа 1902 година.

Основни карактеристики на оваа фаза од развојот на МРО биле: видно масовизирање на движењето, натамошна градба и зајакнување на четничкиот апарат и серијата провали, кои сериозно ја разнишале организационата мрежа, трасирајќи го со тоа, меѓу другото, патот кон Илинденското востание.

Од серијата провали во 1902 година најрелевантна била Јосифовата. Најтешката последица од оваа провала се гледа во доаѓањето на Анастас Лозанчев на чело на Битолскиот окружен комитет, што довело до промена на политичкиот курс на МРО во водечкиот округ. Токму тоа, во извесна смисла, асоцира на познатата промена што настанала во ЦК на МРО по Солунската афера од 1901 година.

Јосифовата афера (1902 г.) и Д. Груевото префрлување во Подрум Кале (јуни 1902 г.) укажуваат на мошне тешката реперкусија од Поп-Ставревата афера (1900 г.), која ја снашла МРО, заради евидентното свртување на нејзиниот дотогашен курс. Со други зборови, Иван Гарванов во ЦК на МРО и Анастас Лозанчев во Битолскиот округ, ослободени од авторитетот на Д. Груев, станале целосни господари на своите позиции, што мошне тешко се одразило врз движењето во целина.

Во 1902 година, паралелно со растежот на организираното македонско националноослободително движење, растела и активноста на балканските пропаганди (бугарската, грчката, српската, романската) во Македонија. Во тој поглед предничела големобугарската пропаганда која, преку својот драгоцен инструмент, Врховниот софиски комитет, ја реализирала познатата Горноџумајска провокација.

Во комплотот против македонското ослободително движење спаѓа и врховистичката провокативна мисија на полковникот Анастас Јанков во

Костурско-леринскиот регион. Оваа врховистичка акција била темпирана да предизвика експлозија длабоко во територијата на МРО, со основна цел, да ја разори силата на македонското националноослободително движење во Битолскиот округ. За постигнување поголем ефект било предвидено Јанковата провокативна „востаничка" акција да се одвива синхроно со планираната врховистичка Горноџумајска провокација.

Горноџумајското врховистичко провокативно „востание" и Јанковата врховистичка провокативна акција во Костурско-леринскиот регион, им послужиле, меѓу другото, на протагонистите на Солунскиот конгрес на МРО од јануари 1903 година како силни аргументи за оправдување на донесеното решение за дигање востание во Македонија во 1903 година.

Во третата фаза од развојот на организираното македонско националноослободително движење во предилинденскиот период значително зајакнале оружените сили на МРО со појавата на т.н. селска милиција. Во оваа фаза МРО претставувала такаречи „држава во држава".

Солунскиот јануарски конгрес на МРО (1903 г.) отворил нова, судбинска страница во историјата на македонскиот народ. Со него, всушност, започнува новиот, илинденски период во развојот на организираното македонско националноослободително движење.

5. Низ трите фази од развојот во предилинденскиот период, и покрај повремените осцилации, не дошол во прашање и не бил фатално загрозен нагорниот ȏд на организираното македонско националноослободително движење.

Во првата фаза од развојот во предилинденскиот период, движењето заради почетните слабости, а првенствено заради тесните рамки на првите правни акти на МРО, имало ограничен карактер. Во неговите редови, обично, биле регрутирани еснафските и ситно-буржоаските елементи, како и просветната интелигенција. Тогаш МРО имала карактер на градска организација.

Широката платформа на Уставот (статутот) на ТМОРО, со основна цел да ги сплоти сите патриоти во едно „цело", без оглед на нивната народност, политичка боја и убедување, за реализирање на поставените цели на Организацијата, се разбира, доколку нивните дела и акции не се коселе со основните принципи на МРО – широко го отворила процесот на демократизација и масовизирање на револуционерното движење. Така, во редовите или меѓу симпатизерите на МРО се вброиле, покрај Македонци без оглед на нивната конфесионална припадност, и припадници на другите националности и етнички групи, кои живееле во Македонија. Меѓу нив имало и Власи, Грци, Албанци, па дури и Турци. Се разбира, имало и Бугари, кои се откажале од удобностите во Кнежевството Бугарија, посветувајќи се на македонската кауза. Поинаку кажано, МРО била на пат да обезбеди внатрешни сојузници толку потребни при беспоштедната борба со вековниот поробувач и настрвените странски пропаганди. Со тоа почнала втората, квалитетно повисока фаза во развојот на организираното македонско националноослободително движење во предилинденскиот период.

Во втората фаза од развојот, МРО постепено од градска добила карактер на селска организација. Таквата промена настанала со омасовувањето на движењето, а селаните, всушност, ја сочинувале грамадната маса на населението (преку 75%). Нерешеното аграрно прашање, безмилосната експлоатација на чифлигарите, суровата даночна политика, бездушните злоупотреби на бирниците и мултезимите, злоупотребите и злоделата на падарите-муслимани и Турците-силници, разбојничките насилства, насилствата и теророт на официјалната османска власт и нејзините органи, корумпираноста на бирократскиот апарат, лихварството и разорното дејство на европскиот капитал го довеле македонскиот селанец до просјачки стап. Ако кон ова се додадат екстензивниот начин на производство и примитивните орудија, ќе се добие вистинска слика за очајната борба на македонскиот селанец за насушниот леб, за обезбедување на голата егзистенција. Вентил за привремен излез од ваквата состојба претставувало гурбетчиството. Меѓутоа, тоа само делумно ја ублажувало положбата, но не ги решавало кардиналните општествено-економски проблеми на село. Затоа најголемиот дел од македонското селанство, во прв ред слободните раетски селани, единствен излез од ваквата состојба гледале во револуционерната борба. Оттаму, македонските селани толку здушно ги пригрлиле идеите на организираното македонско националноослободително движење, влегле во базата на тоа движење и ја започнале гигантската борба за отфрлање на експлоататорскиот јарем, за слобода и подобар живот.

Омасовувањето на движењето било силно импулсирано со развојот на Четничкиот институт на МРО.

Во втората фаза дошло до инкорпорирање на припадниците на т.н. Револуционерно братство, како и на социјалистичката група предводена од Н. П. Русински и В. Марков – во редовите на МРО. Меѓутоа, додека проврховизираните припадници на бившото Револуционерно братство ѝ носеле само неволји на МРО, споменатата македонска социјалистичка група одиграла значајна, позитивна улога за демократизирањето на организираното македонско националноослободително движење.

И најпосле, во третата фаза, значително зајакнале оружените сили на МРО со појавата на т.н. селска милиција, која веќе почнала да се пројавува на дело. Во оваа фаза МРО претставувала речиси „држава во држава", особено на село.

Во последната, трета фаза од предилинденскиот период, кога ослободителното движење функционирало, не само како бојна сила, но и како паралелна власт, – тоа било изложено на три главни удари: првиот му го задала османската власт со репресалиите при тешките провали, кои дошле, првенствено, заради разгранувањето на четничкиот апарат на МРО; второт, надворешен удар настапил со т.н. Горноџумајско востание и Јанковата врховистичка провокативна акција во Југозападна Македонија (Костурско-лерински регион); а третиот, внатрешен, и секако најтежок удар го предизвикале Ив. Гарванов и опортунистот Ан. Лозанчев, со свртувањето на курсот на МРО в десно.

За подемот на организираното македонско националноослободително движење е заслужна цела плејада македонски револуционери, кои несебично и целосно го посветиле, па и го жртвувале својот живот за ослободителната кауза.

За неполна деценија од својот развиток во предилинденскиот период, организираното македонско националноослободително движење станало, не само моќен фактор достоен за респект, туку и сила способна да го понесе грандиозниот товар на Илинденскиот востанички чин и да ја извиши Крушевската република како светилник и патоказ на идните македонски генерации во нивната натамошна борба за национална и социјална слобода.

## СЕЛЕКТИВНА БИБЛИОГРАФИЈА


Димитар Димески, Прилог кон библиографијата за историјата на македонското националноослободително движење (1893- 1903 г.), – ИСТОРИЈА, V/1, Скопје, 1969;

Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел (III изд.), Скопје, 1976 г.;

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. I, Скопје, 1981 г.;

Македония и Одринско (1893-1903 г.), Мемоаръ на Ватрѣшната организация, 1904 г.;

Вардарски, Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прѣдставители, 1894 г.;

Даме Груев, (истражувања и материјали), Д Н У, Битола, 1981 г.;

Горче Петров, Спомени-кореcподенција, (редактор Љубен Лапе), Скопје, 1984 г.;

Историја на македонскиот народ, кн. 2, И Н И, Скопје, 1969 г.;

Гоце Делчев и македонското национално револуционерно движење, М А Н У – И Н И, Скопје, 1973 г.;

Крум Христов, Гоце Делчев, София, 1955 г.;

Христо Андонов–Полјански, Гоце Делчев, т. I-VI, Скопје, 1972 г.; Гоце Делчев, Пула, 1985г.;

Димитар Димески, Гоце Делчев, I изд., Битола, 1988; II изд., 1990; Гоце Делчев, I н. изд., Скопје, 1992 г.;

Прилози за Даме Груев, Д Н У, Битола, 1983 г.;

Даме Груев во македонското националноослободително движење, М А Н У, Скопје, 1989 г.;

Ѓорче Петров – Пере Тошев, Д Н У, Прилеп, 1974 г.;

Јане Сандански и македонското националноослободително движење, И Н И, Скопје, 1976 г.;

Блаже Ристовски, Македонската нација, I-II, Скопје, 1983 г.;

Крсте Битоски, Македонија и Кнежевство Бугарија (1893-1903); И Н И, Скопје, 1977 г.;

Глигор Тодоровски, Малореканскиот предел, Скопје, 1970 г.;

Владо Поповски, Македонското националноослободително движење до ТМОРО, Скопје, 1989 г.;

Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903 г.), I изд., Скопје, 1981; II изд., Скопје, 1982 г.;

Христо Андонов–Полјански, Одбрани дела, I-V, Скопје, 1980 г.;

Иван Катарџиев, Борба до победа, I-IV, Скопје, 1983 г.;

Александар Христов, Создавање на македонската држава, I-IV, Скопје, 1985 г.;

Данчо Зографски, Одбрани дела I-VI, Скопје, 1986 г.;

Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, I-V, Скопје, 1987 г.

Dimitar DIMESKI

## LE MOUVEMENT MACÉDONIEN RÉVOLUTIONNAIRE POUR LA LIBÉRATION NATIONALE (1893 - 1903)

(R é s u m e)

L'apparition de MRO (Organisation Révolutionaire de Macédoine) datte de la dernière décénie du siècle dernier en constellation de la répartition en blocs des puissances impérialistes européennes, l'etat demi-colonial de l'empire Otoman et d'une activité étendue de l'église et de l'éducation de la part des grandes états, aspirants pour le pays Macédonien. Par leur apparition MRO se fait valoir en rôle d'une puissance d'avant-garde et porteflambeau du mouvement macédonien de libération nationale, qui à l'aide de MRO fait ses premiers pas vers un cycle plus haut et plus développé. Leur apparition est juste à temps pour empêche la division du corps vivant du peuple macédonien de la part des éléments des grands — états balkaniques.

En même temps, cet apparition marque le commencement de la nouvelle phase, la plus développée, dans le processus de la constitution nationale du peuple macédonien. Le mouvement organisé de libération nationale de la Macédoine avait dilaté aussi le processus de la formation de l'Etat Macédonien. Le mouvement par son caractère bourgeois-démocratique avait aussi des signes d'une révolution socio-économique qui avait pour but détruire les forces féodales de L'Etat Ottoman.

Le mouvement macédonien organisé pour la libération nationale, pendant le temps moins d'une décenie de son développement à l'époque d'avant Ilinden, devient un facteur puissant, respecté, mais aussi la puissance prête à supporter la charge enorme de l'Insurection d'Ilinden. Grâce au mouvement MRO, la République de Kruševo devient un idéal et exemple pour les genérations macédoniennes futures dans leur lutte continuée pour la libération nationale et sociale.